# Можевме, но не направивме светски град

Скопје 1963-2013

29.01.2014
12:31



По катастрофалниот земјотрес во 1963 година, Западот и Истокот во Скопје се натпреваруваа со пари и со идеи, се водеше интересна меѓународна игра. Западната цивилизација, сакаше да се натпреварува со источната на поинакво ниво - на ниво на солидарност, со пари и со тимови. Проектите за изградбата не се однесуваа само на архитектура и на дизајн. Експертите мислеа и социолошки и филозофски, направија концепт на град што требаше да биде репрезент на она што западната цивилизација го сметаше за демократска и слободарска култура. Скопје требаше да се подготви за 21 век, вели професорот Живко Поповски, познат архитект и претседател на Архитектонската академија.

**Како се случи планот за Скопје по земјотресот да се прави на меѓународно ниво?**

> Не беше поентата само да се направи град и улици, градски ѕид и толку. Беше важно објектите да имаат семантичко и културолошко значење.

-Тоа беше иницијатива на Јосип Броз Тито, а го одработија неговите дипломати. На Југославија ѝ беа потребни светски релации, а земјотресот беше добар повод. Конкурсот беше еден од мостовите за врзување на слободниот свет со западните земји. Во Обединетите нации првпат се донесе резолуција за солидарност. Со неа не се испраќаше војска во некоја земја, туку стручњаци, екипи и пари, за да се гради светот со друга програма, на поинаква основа. Конкурсот почна во март 1964 година. Истовремено почнаа да се прават Генералниот урбанистички план на Скопје, промената на железничките линии и разни социолошко-сообраќајни истражувања. На тоа работеше огромна екипа, со страшна сериозност. Не беше поентата само да се направи град и улици, градски ѕид и толку. Беше важно објектите да имаат семантичко и културолошко значење.

Став
Секогаш ќе отстапам верно од каузата на Македонија. Никогаш нема да останам!
Книжевност
„Телата ви се на дното од големата река“
Филм
Пропаганда на токсичната мажественост
Став
Добро утро, Садула, министре за животна средина и шодае!
БалканЕкологија
Климатските промени и енергетиката на Балканот
БалканОпштество
Медиумски (не)писмен Балкан?
Книжевност
И едно киндер-јајце за малиот
ЕвропаИсторија
Од каде толку поделби во историографијата на скорешното минато?
Сите статии
Пара ВЕСТИ
- Амандман XXXVI на Уставот на Република Македонија
- Бубалица поништил шестка на лото
- Точењето гориво за 1000 денари поскапе на 1100 денари
Пара ФОТО



Ќумбе на тркала

Око
Валерио Адами



СЕКОЈ ДЕН ПЕСНА
Гонсало М. Тавареш
Реченици
Од својот татко уште како дете
прифатив еден неразборит
Начин на примање реченици
што ни се упатени
26.11.2018









## Е-библиотека



**ФАШИЗАМ ВО КУСИ ПАНТАЛОНИ**

Груевизмот е чист фашизам: една авторитарна, преродбеничка, клептократска, капиталистичка партиска држава, што за среќа остана во куси панталони.

Преземи

## Анкета

**Дали името Северна Македонија ќе донесе подобар живот во државата?:**

- Да
- Не
- Не знам

Гласај

## Книга



**Некој бил тука**

Во средиштето на прикажаната е татко кој се соочува со загубата на својата ќерка. Дали може да помогне бегството во нечиј туѓ стан? Мирисањето женски долен веш? Триењето на образите од рапав ѕид? Турпијата во кожа?

## Најчитано 7 / 11

1. Контрадикторни ставови на Заев за амнестијата за „крвавиот четврток“



**Каков град затече земјотресот?**

-Скопје е градено во специфичен период во Кралството Југославија, а до 1918 година бил на левата страна на Вардар. Јадрото го граделе Турци, Евреи и други. Кога дошле Србите, дале огромни пари за Скопје, по што за кратко време градот никнал и на десната страна. Во Југославија тогаш преовладувала левичарската ориентација, но Македонија била директно под контрола на српската круна. Српскиот двор инвестирал и во некои градби што наликувале на оние што ги градела нацистичката идеологија. Скопје има многу интересна историја на архитектурата, која по земјотресот беше проценета од историско-социолошки и од политички аспект.

**Кој и како одлучуваше кои објекти ќе се урнат, а кои ќе се обноват?**

-На највисоко експертско ниво се направи снимка, за да се одделат што вреди, а што не. Беше договорено Скопје да биде град на нова ера, на демократија и на слобода. Уривањето на зградите беше брзо и, според мене, беше решено прво на идеолошка и политичка основа, а потоа и на стручна. Западните експерти сугерираа дека некои објекти ја немаат вредноста што им се припишува. Затоа се урнати некои познати објекти, како офицерскиот дом и стариот театар. Беше многу важно во разумен рок во една социјалистичка земја да се покаже нов град. Социјалистичките градови, како Софија, Варшава, Прага ја отсликуваа идеологијата. Важно беше центарот и обликот на градот да не бидат социјалистички.

Западните експерти сугерираа дека некои објекти ја немаат вредноста што им се припишува. Затоа се урнати некои познати објекти, како офицерскиот дом и стариот театар.



**Скопје денеска не изгледа онака како што било замислено во 1964 година. Како и кога се напушти концептот?**

-По некое време од изградбата, кај нас како да се јави недоверба кон сè што доаѓа од Запад. Почнавме да правиме компромиси и да размислуваме како и ние знаеме нешто, а не само другите. Така почна да се урива идејата. Наместо нашите експерти заедно да ја надградат со странците, како едвај да

Почнавме да правиме компромиси и да размислуваме како и ние знаеме нешто, а не само другите. Така почна да се урива










## Вести (time.mk)

- Српските градоначалници во Косово ќе поднесат оставки и ќе делуваат независно од Приштина
- InSight – Беспилотното летало на НАСА безбедно слета на Марс
- Мијалков никако да излезе од Шутка; Одложен „Титаник-2“
- Дали Груевски ќе остане без пратенички имунитет
- Градежните компании со конкретни предлози за измените на законите од областа на градењето и урбанизмот

2. Мојата мала теорија на заговор: девет импликации од бегството на Груевски
3. Зошто не се убив
4. Љубовни песни
5. На мајка ми
6. Добро утро, Садула, министре за животна средина и шодае!
7. Домаќинствата се виновни за 90 отсто од вкупните емисии на ПМ честички
8. Заедно сме фосилни!
9. Кратки-кратки раскази, преглед 22-28 февруари
10. Контраспин: Има ли Груевски, после сè, било каква врска со македонската кауза?
11. Има една пострашна работа од бегството на Груевски

> идејата. Наместо нашите експерти заедно да ја надградат со страниците, како едвај да чекаа да се дистанцираат од неа.

чекаа да се дистанцираат од неа. Кога ние ги преземавме акциите, кога се доби локално ниво, поради неспособноста да ја прочитаме големата идеја, решивме дека не ја сакаме. Сакавме да си останеме какви што сме. Во доцните шеесетти години почнаа да се прават многу компромиси. Она што требаше да биде исчистено околу градскиот ѕид, остана, од божем економски причини. Имаше протекции, ако некаде живееше важна личност, неговата куќа не се уриваше. Зошто остана, на пример, зградата каде што денеска е седиштето на ВМРО-ДПМНЕ? Зошто сè уште не е пробиен булеварот Свети Климент Охридски преку Вардар до Калето? Имаше пари. Не се направи поради неколку потрчковци на власта што живееја на трасата и велеа, не сега, утре, па каде ќе одиме ние, во центар сме, не нè рушете... Не направивме град што денес ќе беше светски лидер во она што значи урбанизам, нов град со нови односи внатре, без посебни населби за етничките заедници. Наместо тоа, ние решивме да ја градиме Топаана. Од меѓународната заедница не можеа да веруваат дека мора да се прави енклава за Ромите! Така настана Шутка. Театарот на малцинствата требаше да се гради во населбата Јане Сандански. Од политички причини се изгради кај Бит-пазар.



**Дали Скопје денес ги следи правилата за асеизмичко проектирање?**

-Во Скопје на еден хектар треба да има од 250 до 400 жители. Денес има над 800, што според нормативите за трусни подрачја е недозволиво. Техничките прописи велат дека, во случај на мал потрес, расипана инсталација или прскање на водовод, жителите треба да можат два до три дена да живеат во својата околина, додека не се санира штетата. Да не дојде до ширење во случај на пожар, да не се затрупа слободниот простор ако пак удри силен земјотрес, да има пристап за механизација, брза помош... Тие прописи мора да се почитуваат. Ние само доградуваме и надградуваме. Она што е направено со Дебар Маало, Буњаковец итн. е катастрофа. Тоа е злосторство.

> Во Скопје на еден хектар треба да има од 250 до 400 жители. Денес има над 800, што според нормативите за трусни подрачја е недозволиво.

**Како го гледате денешно Скопје?**

-Мислам дека е промашен град. Треба голем напор за да заздрави, а има шанси. На пример, она што е нездраво треба да се изолира, па да се интервенира дури откако ќе заздрави околината. Ние правиме обратно. Она што е болно, особено центарот на Скопје, уште повеќе го напаѓаме. Новото мора да се приспособи на она што е вредно и што е старо, а не да го деструктира и уништува. Најголема вина носат луѓето што го водеа градот и државата недомаќински, оние што не разбираат дека Скопје нас треба да нè претставува како држава и да биде урнек за другите градови во Македонија. Денес гради кој стигне и кај стигне. Треба да се гради, но во околината, во Драчево, на Скопска Црна Гора. Денес се прават капитални објекти во центарот на градот наместо во периферијата. Таму би биле вистински енергетски точки,

▸ Демонстрација на сила во Азовското Море

radio.spodeli.org

**Канал 103** Утринска плеј-листа: вторник (2/2) ~ Snakefinger - Beatnik Party

## Боли глава

### Македонија не е Швајцарија, затоа си министер!

На муабетот на министерот за животна средина дека Македонија не е Швајцарија, еден дечко вели:

Па, не е Швајцарија, затоа си министер! Да е Швајцарија, ќе работиш у Комуналец.

Шо не е јасно?!

Ирена Ристиќ, Фејсбук, 23.11.18.

## Виц

Наркоман убил полицаец и се јавува во полиција.

- Ало, вие сте 192?

- Да.

- Е сега сте 191.

## Фото

**Тао Лиу**

### Средба на генерации

ќе има движење, зашто кон нив ќе се слеваат маси луѓе од разни страни. Тоа се научни пристапи, а во Скопје нема таков пристап, само шпекулација.

Извор: Дневник, 27 јули, 2004

архитектура / Скопје / интервју / земјотрес / природна катастрофа / земјотрес 1963 / Живко Поповски / обнова на Скопје / македонски архитекти

Tweet G+ Like 0

## Слични содржини


**Скопје 1963-2013**
Во Скопје преовладува кич во архитектурата


**Скопје 1963-2013**
Синтезата во Скопје


**Скопје 1963-2013**
Новиот центар на Скопје (2)


**Скопје 1963-2013**
Планирањето на Скопје - развој меѓу визијата и стварноста


**Скопје 1963-2013**
Per Astra ad aspera


**Скопје 1963-2013**
Град на солидарноста


**Скопје 1963-2013**
Оливера Николова: Не го сакам денешново Скопје


**Скопје 1963-2013**
Конкурс за Народната и универзитетска библиотека


Буџетските приоритети на власта во 2019


**Јована Глигориевиќ**
Зошто не се убив


**Донка Барџиева Трајковска**
За учесниците во криминалот со културното наследство


**Драган Томовски**
Македонија мора да ги разоткрие мотивите на Орбан и на Унгарија

[1 ОКО ПОВЕЌЕ] [2 БОЛИ ГЛАВА ПОВЕЌЕ] [3 ВИЦ ПОВЕЌЕ] [4 ФОТО ПОВЕЌЕ]



## Погледнете

1. Viktor Ivančić: DAJMO VLAST IZDAJNICIMA! - НОВО
2. Бранко Тричковски - Бегам, бегам, мајку ти ебам! - НОВО
3. Сашо Орданоски - „Па, не сега и не со тие шпиц-чевли!“
4. Никој за недела дена до овој степен не ја демаскирал неспособноста на една власт
5. Кој е Виктор Орбан – пастирот на унгарската нација (I)
6. Потребни се брзи и драстични мерки против загадувањето

117 БЕСПЛАТНИ е-книги Е-БИБЛИОТЕКА

АНКЕТА ЗА СК014



ТЕМПЛУМ

Барате работа?

**Ноември 2018**

| Пон | Вто | Сре | Чет | Пет | Саб | Нед |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 29 | 30 | 31 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
| 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 |
| 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 |
| 26 | 27 | 28 | 29 | 30 | 1 | 2 |

Кликни на датумот за да ги прочиташ статиите од тој ден.

**Пријатели**

templum.com.mk | kontrapunkt-mk.org | koma.com.mk | gem.org.mk | plostadsloboda.org | maturanti.com.mk | classicforever.blogspot.com | fokus.soros.org.mk | www.makedonski.info | Сараевски тетратки | http://www.elektrobeton.net/ | 4secondsbehind.blogspot.com | ping.mk | pescanik.net | idsb.org.mk | http://sextures.net | femgerila.crnaovca.mk | sead93.crnaovca.mk | jasnesumjas.blogspot.com | vuna.info | http://vbb.mk | jasnakoteska.blogspot.com | photo-soulz.blogspot.com | ivanblazhev.com | deschoolingclassroom | kalina.blog.com.mk | geroski.mk | filozof.blog.com.mk